**“Digit@ll tr@nsform@tion”** **2022-1-MK01-KA122-SCH-000072096**

Еразмус+ проектот “Digit@ll tr@nsform@tion” се одвиваше во Анталија, Турција, на двапати. Координатор на проектот е Славица Грујоска-Митиќ, а во двата тима учествуваа вкупно 15 наставници.

Првиот пат од 18 до 25.3.2023 г. се спроведе обуката "ICT tools", која имаше за цел да посочи многубројни современи текови во методологијата, како и повеќе иновативни и модерни, а толку корисни начини на кои можат наставните содржини да им се доближат на младите. Нашиот тим го следеше тренингот на кој се претставија основите и употребата на следните веб страници и апликации: Padlet, Coggle, Canva, Edpuzzle, Quizizz, Prezi и други. Сите обучени колеги , преку разни форми на дисеменација ги пренесоа своите новонаучени вештини и придонесоа за зголемување на дигиталната библиотека , на општо задоволство на сите, особено на учениците.

Втората средба се случи од 23 до 30.4.2023 г., се спроведоа низа активности од job shadowing програмата – “Digital Tools Applications”. Домаќин беше училиштето Vizyon High School од Анталија. Наставниците-учесници имаа можност да следат примена на многубројни современи апликации за реализација на наставата, со кои навистина полесно ќе им се пренесат наставните содржини на учениците. Сето искуство беше пренесено на сите заинтересирани колеги, ученици и родители.

Тимовите беа одговорни за пренесување на искуствата од овие средби, запознавање и обука на останатите наставници во нашиот колектив - на 16.6.2023 г. се спроведе дисеминација во нашата Гимназија. Оттука понатаму очекуваме успешна и почеста примена на дигиталните апликации и стекнатите вештини во наставата.

Добар ден колешки и колеги, повелете најважните точки од одржаната дисеминација „Дигитални алатки во наставата“ , се на едно место. За сите прашања можете да се обратите кај наставниците кои беа дел од проектот „Дигитална трансформација“ -“Digit@ll tr@nsform@tion”.

Имајте убав ден!

Еве го и практично гимназискиот падлет - дигиталната огласна табла:

https://padlet.com/gocedelcevgimnazija/padlet-1svrr12720vu7jbk